## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

### Воведување на дневна евтина тарифа за потрошувачите од групата домаќинства

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, денес, 24 август 2018 година, одржа главна седница на која се измени Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи.

Со измените на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи се воведува дневна евтина тарифа за потрошувачите од групата домаќинства, и тоа во периодот **од 14:00 до 16:00 часот од понеделник до сабота**.

Како и досега, евтината тарифа ќе продолжи да се применува во текот на целиот ден недела.

Регулаторната комисија за енергетика ја анализираше состојбата на пазарот на електрична енергија и имаше консултации со операторите на преносниот и дистрибутивниот систем (АД МЕПСО – Скопје и ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје), врз основа на што се заклучи дека може да се воведе дневна евтина тарифа за потрошувачите од групата домаќинства, и тоа во периодот од 14:00 до 16:00 часот од понеделник до сабота Имено, со воведувањето на оваа дневна евтина тарифа за потрошувачите од групата домаќинства ќе се обезбеди изменување на обликот на кривата на траење на оптоварување во насока на помал соодност на максималното оптоварување и останатите високи оптоварувања во текот на денот.

Примената на дневна евтина тарифа за потрошувачите од групата домаќинства започнува со објавувањето на измените на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи во Службен весник на Република Македонија, по што операторот на дистрибутивниот систем ќе започне со процес на промена на тарифите кај секое броило на секое поединечно домаќинство.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk